Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), Општина Илинден, на ден 28.05.2019 година, донесе

Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Локална урбанистичко-планско документација со намена А 4 – времено сместување , за формирање на ГП на КП 4/8 и дел од КП 4/10 КО Кадино, општина Илинден, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Илинден, www.ilinden.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Локална урбанистичко-планска документација, општина Илинден, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Цел на планот е да се формира градежна парцела согласно Член 46 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање и изградба на комплекс градби со намена А4-времено сместување. Намената во овој опфат е А4 – времено сместување и изградбата на комплекс градби со ваква намена ќе предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување и од аспект на повисока организација и уреденост на просторот, инфраструктурна опременост, како и максимално почитување на нормативите и стандардите за заштита на животната средина.
4. Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Изработил:
Советник
Валентина Танкоска диа

Бр.10-135/16
Датум: 28.05.2019

Општина Илинден
Градоначалник
М-р Жика Стојановски

Република Македонија Градоначалник Општина Илинден